# РАДИОДИФУЗЕРИТЕ НЕ ГО ПРЕКРШИЈА МОЛКОТ

**Скопје, 01.10.2018 година** – По проверката на начинот на известување на радијата и телевизиите за време на референдумскиот молк, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги информира дека ниту еден радиодифузер, кој беше предмет на надзор, не го прекрши молкот .

Радиодифузерите ја исполнија својата професионална обврска да ги информираат граѓаните во специфичен контекст карактеристичен за референдумски молк, а притоа да не ги прекршат правилата.

Во наредните денови Агенцијата ќе ги објави извештаите за констатираните прекршувања по други основи, како и извештајот за начинот на покривање на референдумот во последните 9 дена од кампањата.